## ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА СЛОБОДНА СЦЕНА ПРИ КИНО КУЛТУРА

Просторот на Кино Култура (КК) го користат организациите од граѓанскиот сектор како дел од програмата СЛОБОДНА СЦЕНА.

СЛОБОДНА СЦЕНА е програма на КК која е развиена во соработка со други организации од независната културна сцена и од поширокиот граѓански сектор, индивидуалци и неформални групи. Оваа програма е отворена за различни уметнички и културни содржини, не е уредена со процес на селекција, не е дефинирана со естетски критериуми, ниту од страна на кураторски концепт.
КК ги препознава соработниците и претставниците на културната и уметничка сцена не само како корисници туку и како партнери со кои заедно го обликува развојот на просторот и на самата сцена.

Овој протокол значи регулирање на нашиот заеднички влог за кој се сложуваме дека ќе се потпира на принципите на демократија, еднаквост, правичност, солидарност, взаемна помош, партиципативност и почитување на различности. Во духот на соработката веруваме во етичките вредности- искреност, отвореност, транспарентност, општествена одговорност и грижа за другите.

## КОЈ И ПОД КОИ УСЛОВИ ГО КОРИСТИ ПРОСТОРОТ

### 1. Партнери: организации, неформални групи и индивидуалци

- Оние кои заедно со Кино Култура развиваат долгорочна програма во рамки на Слободна сцена;
- Заеднички вложуваат капацитети во развој на програмите кои ги реализираат (човечки, или технички, или финансиски) и одржување на просторот;
- Целат кон градење и развој на простор за критичка рефлексија на општествени теми;

*Услови за користење*

- Партнерските организации имаат приоритетен пристап кон просторот;
- Партнерите се дел од советодавното тело за развој на Слободна Сцена;
- Партнерите имаат влијание и приоритет во одлучување во однос на програмата што тие ја развиваат (на пр. детски театар, млади и театар, дебатни форуми итн.);
- Заедно со КК ги промовираат програмите;
- Заедно со КК организираат пропратни активности (коктел);
- Заедно со КК организираат обезбедување ако е потребно;
- Стануваат партнери на покана на КК, доколку сакаат, односно доброволно, и по веќе остварена повеќекратна позитивна соработка со КК (2).

### 2. Поширокиот граѓански сектор: организации, неформални групи и индивидуалци

- Организации кои се бават со култура и уметност, со социо-културни теми, и со теми кои го засегаат развојот на граѓанското општество, демократијата и човековите права;
- Имаат интерес да поддржат и се дел од простор каде се гради критичка рефлексија на општествени теми;
- Го користат просторот на КК за реализација на свои програми и активности.

*Услови за користење*

- Го добиваат просторот на бесплатно користење доколку е слободен;

- Ги покриваат тековните трошоци за просторот (струја, техника и технички персонал, одржување и хигиена)/цената се формира во зависност од типот на настанот, како и времетраење на користење на просторот;
- Се грижат за промоција на своите програми;
- КК ги промовира нивните програми низ своите механизми за комуникација (Фејсбук, веб сајт, е-маил);
- Ги организираат самостојно своите пропратни активности (коктел);
- Го организираат обезбедувањето доколку е потребно;
- Потпишуваат договор со претставник од КК за користење на просторот каде се дефинираат прецизно условите.

Кино Култура НЕ ПОДДРЖУВА говор на омраза, дискриминација и насилство по било која основа.

Арбитар во случај на спор за сите претходно дефинирани ситуации е Управувачкото тело на Кино Култура составено од здружението на граѓани Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата и друштвото за театарски и едукативни работи Театар Навигатор Цветко.